# 1. ГОДИШНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА 2019 год.

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Општи податоци за Друштвото
2..Финансиски Показатели За Друштвото
3. Биланс на состојба
4. Биланс на успех
5. Паричен Тек
6. Капитал и резерви
7. Сметководствени политики
8. Ревидирани Финансиски Извештаи

1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ

- Назив : АД "Оранжерии"
- Седиште и адреса: с. Хамзали
- Телефон и факс : 034 375-189
- Адреса на електронска пошта: adhamzali@yahoo.com

1. ПРАВЕН СТАТУС

- Матичен број во Државен завод за статистика: 5613779
- Шифра на дејнпста: 01.12/1
- Опис на претежна дејност: Производство на зеленчук, цвеќе и семе од нив.
- Број на решението од трговскиот регистар: 103/2002
- Датум на основање: 15.02.2002год.
- Статусни промени: нема
- Број на придружници, филијали: нема
- Број на вработени во последиот ден од тромесечјето:201
- Систем на управување на друштвото: двостепен
- Собрание на друштвото
- Управен одбор
- Надзорен одбор

Членови на надзорен одбор

1.Ленче Митева
2. Дејан Делчев
3. Живко Мицев

Членови на управен одбор

1.Васе Митев
2. Јасминка Делчева
3. Ванчо Ангелов

2. ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛОТ И ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ НА ДРУШТВОТО

- Вкупен износ на основната главница 3.639.495 ЕУР
- Број на издадени акции: 727.899
- Номинална вредност на една акција 5 ЕУр

- Најголем акционер
- Васе Митев
- Број на акции на доминантен акционер 671.944 -- 92.31%
- 10 најголеми акционери
- 1. АД Оранжерии Хамзали 39.689 акција
- 2.Благој Дончевски 471 акција
- 3.Јован Јованов 464 акции
- 4. Кирил Делев 241 акција
- 5. Ристо димитриев 237 акции
- 6. Алекса Дрвошанов 232 акции
- 7.Николина Станинова 296 акции
- 8. Никола Каламерников 232 акции
- 9. Јован Шолев 217 акции
- 10. Павле христов 216 акции
- Меѓународен Идентификациски број на акциите --- ИСИН број MKOPAC101011

## ФИНАСИСКИ ПОДАТОЦИ И ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НА ДРУШТВОТО

- Дивидента исплатена за една обична акција во последните три години поединечно во
  - Апсолутен износ
  - Процентуален износ во однос на номиналната вредност
- Цена на акциите ако со нив се тргувало на берза и на друг Пазар во тековното тромесечје
  - највисока
  - најниска
- Цена на приоритетните акциите ако со нив се тргувало на берза и на друг пазар во тековното тромесечје
  - највисока
  - најниска
- Цена на акциите ако со нив се тргувало на берза и на друг Пазар во тековното тромесечје
  - највисока
  - најниска
- Пазарна капитизација, доколку со акциите се тргува на берза или на организиран пазар
- Дивидента исплатена за една обична акција во последните три години поединечно во
  - Апсолутен износ
  - Процентуален износ во однос на номиналната вредност
- Промена на сметководствните политики

# СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

АД ОРАНЖЕРИИ Хамзали ги утврдува залихите, приходите, расходите, со примена на законот за трговски друштва .

1. Мерењето и вреднувањето на залихите е по метод на просечни цени. Во сметководствената евиденција постои аналитичко раслојување на залихите по видови.

2.Вредноста и пресметката на производството е по метод на плански цени кои на крајот се сведуваат на цена на чинењето

3.Приходите и расходите од продажба се пресметуваат кога од продажната цена се одбие пресметаниот ДДВ. Објавените приходи од продажба АД Оранжерии ги остварува од продажбата на сопствени производи и многу мал дел е од приходи од други активности.

4.Набавната вредност на набавените материјали се утврдува кога од фактурната вредност се намалива влезниот данок, а се зголемува за трошоците за превоз.

5.АД Оранжерии евидентира готовина во : благајна.депозитни средства на жиро сметки.девизни средства на девизни сметки.

6.АД Оранжерии обезбедува континуитет во ревидирање на финансиските извештаи а со тоа ги применува принципите на споредливост.благовременост .потполност.веродостојност. и објективност.

ОРАНЖЕРИИ

3. ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ КОИ ИМААТ ЗНАЧИТЕЛНО ВЛИЈАНИЕ НА ПАЗАРНАТА ЦЕНА НА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ

- Назив на берзата или друг организиран пазар на кои се тргува со хартиите од вредност на друштвото
- Информации за котација на хартиите од вредност на друштвото и назив на берзата на која котира
- Поделба на акции
    - Нова номинална вредност
    - Број на акции настанати со подебата
    - Род на акциите
- Значајни промени во сопственичката струкутура
- Припојување и спојување
- Неизвесност
- Правни прашања
- Останати значајни прашања кои влијаат на хартиите од вредност

АД "Оранжерии" Хамзали с. Хамзали Струмица во периодот од 01.01. до 31.12.2019 година ги има остварено следниве финансиски показатели од своето работење

| | |
|---|---|
| Вкупен приход | 364.254.362,00 |
| Вкупни расходи | 342.383.064,00 |
| Добивка пред оданочување | 21.871.298,00 |
| Данок од добивка | 2.222.239,00 |
| Добивка по оданочување | 19.649.059,00 |

Вкупниот приход е остварен 52.90%од реализација на раноградинарски култури на домашен пазар.

Во анализираниот период имајки ги предвид поволните временски услови се очекува да се исполни физичкиот обем на производството и завршување на оваа производна година со позитивен финансов резултат.

Зголемување на производството и подобри финансиски показатели се очекуваат во првото, второто и третото тромесечје од производство на градинарски култури во стакленици и пластеници.

с.Хамзали 16.03.2020 год.

Раководител на сметководство
Панова Слободанка

ОРАНЖЕРИИ 1
Акционерско друштво С.Хамзали-Босилово

Панова

**Годишен извештај за работа на Управниот Одбор на АД Оранжерии Хамзали за деловната 2019 година**

1. **Основни податоци**

АД Оранжерии с. Хамзали општина Босилово, Струмица е Акционерско Друштво чија претежна дејност е производство на раноградинарски земјоделски култури и тоа : разни сорти на домати, краставици, блага пиперка, лута пиперка, зелка, компир, жито и др...

Седиштето на друштвото е во с. Хамзали општина Босилово, иако дел од земјоделското земјиште на кое се одгледуваат погоре споменатите земјоделски култури се простира и на територијата на с. Банско и с. Балдовци.

Акционерското друштво е запишано во Трговскиот регистар во рамките на Централниот Регистар на Р. Македонија со целосен назив Акционерско друштво ОРАНЖЕРИИ с. Хамзали Босилово со седиште Населено место без уличен систем бб Хамзали, Босилово на 15.02.2002 година, со ЕМБС 5613779 и ЕДБ 4027002132354, според Решение Трег.бр.103/2002 со што е извршено усогласување на основните акти на Друштвото со Законот за трговски друштва.

Приоритетна дејност на друштвото е под шифра 01.13 - Одледување на зеленчук, дињи и лубеници, корнест и трупкаст зеленчук.

Вкупната главнина на Акционерско друштво изнесува 225.648.566,00денари или 3.639.493,00 евра.

Како подружница со подброј 5613779/2 во Трговскиот регистар на ЦР на РМ е регистрирана и Работен погон Нова Слога - Ресен со адреса 29-ти Ноември бб Ресен, Ресен со приоритетна дејност 23.32 - Производство на цигли,керамиди и производство од печена глина за градежништвото.

## 2. Акционерска книга

Според Акционерската книга со 31.12.2013 година, структурата на капиталот е следната : Акции на доминантен сопственик 671.944 односно 92.31 %, Акционери- физички лица 55.955 односно 7.69%. Структурата на капиталот со последните промени во друштвото е следната:

- Митев Васе - 671.944 обични акции со номинална вредност од 5 ЕУР по акција односно 92.31 % учество;

- Акционери физички лица - 55.955 обични акции со номинална вредност од 5 ЕУР по акција или вкупно 7.69 % учество;

Во статутот на АД Оранжерии - с. Хамзали општина Босилово донесен од страна на Собранието на АД се утврдени одредби кои го регулираат целокупното работење на АД како - органите на управување - раководење - тоа:

- Собрание на друштвото

- Управен Одбор

- Надзорен Одбор

## 3. Остварување на приходи

Основната дејност на АД Оранжерии- Хамзали е одгледување на зеленчук. И покрај досегашниот успех Менаџментот на АД Оранжерии бараше можности за дополнителен раст на бизнисот така што постави јасна цел и визија за деловна експанзија и старт на нов производствен бизнис т.е. нова бзинис линија на високо квалитетни градежни материјали - сите видови на тули. Новата Подружница е лоцирана во Ресен под називот Нова Слога 2007 која се занимава со производство на градежен материјал односно тули од сите видови. Оваа производство се пласира на пазарот на Р.Македонија, претежно во западна Македонија како и откуп на производите од страна на партнери од Албанија.

Зголемувањето на приходите се должи на конзистентното зголемување на производството како на раноградинарски култури така и на производтвото на тули од секаков вид. Приходите од продажба на производи се признаваат кога значителните ризици и користи од сопственоста се пренесени на купувачот и не постои значајна неизвесност и ризик за наплата и можно враќање на производите. Другите приходи се приходи од наплатени штети од невреме, од регреси, премии, приходи од продажба на опрема (транспортно средство) и други неспомнати приходи.

| | **31 Декември 2019** | **31 Декември 2018** |
|---|---|---|
| **Приходи од продажба во земјата** | **356.750** | **404.698** |
| **Приходи од продажба во странство** | **7.504** | **8.393** |
| **Други деловни приходи** | | |
| | | |
| **Вкупни приходи** | **364.254** | **413.091** |

Во деловната 2019 година АД Оранжерии оствари добивка од 19.649.059,00 ден.

## 4. Извори на средства во АД Оранжерии Хамзали

Друштвото средствата за тековно работење во деловната 2018 година ги приходуваше претежно од продажба на сопствените производи на домашниот и странските пазари. Помал дел се приходувани од продажба на материјали, субвенции од државните органи и приходи по др. основи.

## 5. Организациона поставеност и број на вработени

Највисоки органи на управување во АД Оранжерии се:

- Надзорен Одбор - кој брои тројца членови
- Управен Одбор кој брои тројца членови

Следејќи ја зацртаната политика на друштвото зависно од потребите од вработени во зависност од природата на дејноста со која се занимава самото друштво, бројот на вработени во АД Оранжерии во просек преку целата година изнесува 174 вработени.

## 6. Состојба на сметката - Ликвидност

Во текот на деловната 2019 година АД Оранжерии се трудеше да ја задржи ликвидноста на сметката и покрај потешкотиите со кои се соочуваше. Тешката наплата на побарувањата доведува и до потешко подмирување на обврските кон своите добавувачи но сепак со поголем напор и настојување се подмируваа сите обврски како кон добавувачите така и кон државата и банките.
Од таа причина АД Оранжерии мораше да ги сведе трошоците на минимум како и на можноста да се ориентира на изнаоѓање на средства по други основи.

Парите и паричните еквиваленти кој АД Оранжерии ги има објавено за финансиската состојба вклучуваат пари во готово во благајната и депозити на жиро сметка и девизна сметка во банката.

## 7. Побарувањата на крајот од деловната година

На крајот од деловната 2019 година АД Оранжерии имаше побарување од 20.216.535,00 ден. и тоа по однос на доспеани фактури за наплата.

Побарувањата од купувачите и останатите побарувања се водат според номиналната вредност намалена за исправката на побарувањата кои се сметаат за ненаплатливи.

## 8. Задолженост во 2019 година

И покрај тешката наплата на своите побарувања АД Оранжерии во текот на 2019 година може да се пофали со одлично измирување на своите обврски како спрема своите добавувачи, така и спрема државата по основ на ДДВ, и спрема банката по основ на враќање на рата од краткорочен и долгорочен кредит.

## 9. Услови на стопанисување

Деловната 2019 година беше една од потешките години за целокупното стопанство во Р. Македонија.

Тешките услови на стопанисување а посебно тешката наплата на своите побарувања допринесе да се намали пласманот на домашниот и странскиот пазар како и бележење на приливи од страна на своите деловни партнери.

Се надеваме дека со опоравувањето на економската криза со која се соочува светот па и Р.Македонија ќе се подобри бизнис климата и условите за стопанисување ќе бидат многу подобри.

**10.Остварени финансиски резултати за деловната 2019 година**

Во условите на стопанисување практикувани во 2019 година од работењето на АД Оранжерии Хамзали се постигнати следниве финансиски резултати:

- **Добивка пред оданочување- 21.871.298,00**
- **Данок од добивка - 2.222.239,00**
- **Нето добивка за финансиска година - 19.649.059,00**

АД Оранжерии Хамзали ќе продолжи да ги поддржува инцијативите за зголемување на бројот на стратешки партнери од земјата и странство, подобрување на производствените програми и капацитети, производството и пласманот на поголеми количини на раноградинарски прозиводи и тули се со цел зголемување на финансиската моќ на Акционерското друштво и проширување на своите производствени и продажни капацитети.

Струмица

16.03.2020 година

Претседател на Управен Одбор

Васе Митев